# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

8 Април 2025
Скопје
Број 6, година XX
contact@kiselavoda.gov.mk

Скопје, Април, 2025 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Решение за измена на Решение за утврдување на персонален состав на Општинскиот Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година**

1. Со ова Решение се објавува Решението за измена на Решение за утврдување на персонален состав на Општинскиот Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година, донесено на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3504/1
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа начлен 23, член 34 став 2 и член 94 став 3 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 93/12 пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16а во врска со член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.12/6) и Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр 124/06) како и член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), како и член 16 став 9 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020) и Решението за утврдување на персоналниот состав на Општинскиот Кризен Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ

### за измена на Решение за утврдување на персонален состав на Општинскиот Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година

1.Со ова Решение се врши измена на Решение за утврдување на персоналниот состав на Општинскиот Кризен Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година, на начин што **во точка 1 став 10, се менува името и презимето на Командирот на ПС Драчево, наместо Миле Трифуновски се впишува Горан Колевски.**

2. Во останатиот дел Решението останува непроменето.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на неговото донесување и истото ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3152/4
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополна на Програмата на Општина Кисела Вода за Месна самоуправа Д10 за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програмата на Општина Кисела Вода за Месна самоуправа Д10 за 2025 година, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/2
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34, став 1, точка 8 и 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ( “Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

**ПРОГР АМА**

**за измена и дополна на Програмата на општина Кисела Вода за Месна самоуправа Д10 за 2025 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополна на Програмата Д10 ставка 464990 за Месна самоуправа објавена во Службен гласник на општина Кисела Вода бр.01 од 15.Јануари 2025 година со арх. бр.09-11562/9 од 27.12.2024 како и измена и дополна на Програмата за Месна самоуправа од областа Д10 со арх.бр.09-1622/24 од 26.02.2025 година на начин што:

>Во делот "Поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Кисела Вода за 2025 година" со финансиска конструкција од 1.200 000,00 денари се заменува со зборовите и гласи "Поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Кисела Вода за 2025 година" со финансиска конструкција од 3.000 000,00 денари.

>Во делот "Еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година" со финансиска конструкција од 7.000 000,00 денари се заменува со зборовите и гласи: "Еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година" со финансиска конструкција од 9.100 000,00 денари.

Во останатиот текст Програмата на Општина Кисела Вода за Месна самоуправа за 2025 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма за измена и дополна на Програмата за Месна самоуправа Д10 за 2025 година влегува на сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

Број 09-3152/5
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Општина Кисела Вода, Скопје, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/3
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 119 став 4 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за разрешување на Училишниот одборво ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Општина Кисела Вода, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешува Училишниот одбор на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“- Општина Кисела Вода, Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура и до ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Општина Кисела Вода, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3152/6
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Коцариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода, Скопје, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/4
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 119 став 4 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешува Училишниот одбор на ООУ „Кузман Шапкарев“- Општина Кисела Вода, Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура и до ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3152/7
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/5
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода број 09-1622/12 од 26.02.2025 година во член 2, точка 2 (ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ„) алинеа 1 (Елизабета Јаневска) се заменува со зборовите ,,Сара Ѓорѓиевска“, точка 7 (ООУ ,,Кузман Шапкарев„) алинеа 1 (Бобан Стефановски) се заменува со зборовите ,,Борче Василевски,,.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3152/8
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација – реконструкција на детско игралиште на ул.Ваташа Драчево - Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација – реконструкција на детско игралиште на ул.Ваташа Драчево - Општина Кисела Вода, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/6
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на донација - реконструкција на детско игралиште на ул. Ваташа Драчево - Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – реконструкција на детско игралиште на ул.Ваташа Драчево - Општина Кисела Вода , која се дава од Друштво за производство, трговија и услуги СОКО Горица ДООЕЛ Скопје, во вредност од 500.000,оо денари со ДДВ во износ од 90.000,оо денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за производство, трговија и услуги СОКО Горица ДООЕЛ Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3152/9
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Одлука за измена на Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена на Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар, донесена на Педесет и втората пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 4 април 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3504/7
08.04.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 4, 5, 7, 8 и член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ број 79/09 и Службен весник на РСМ бр.241/24), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и втората пленарна седница одржана на 4 април 2025 година, донесе:

## ОДЛУКА

## измена на Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар

### Член 1

Во Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.15/2024) во член 1 став 1, зборовите „за период од три месеци." се менуваат со зборовите „за период од 6 (шест) месеци."

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3152/10
4 април 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр.13-38 од 28.03.2025 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 12.12.2024 година со Бр.13-38 е издадено Одобрение за надградба на индивидуална куќа, со намена на градба: А1, објект од втора категорија, на КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорот Душко Ангеловски и заверен е Основен проект за надградба на објект за домување во станбена куќа А1 на КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје – PDF и DWG документи, тех.бр. 01-06/2023 од Декември 2023 година, изработен од проектант Стоилко Милојески со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1049 од 23.04.2019 година – Друштво за производство, трговија и услуги СИГМА – АРТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС 6088236, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.352/Б од 20.08.2023 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

1.Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
М-р Мартина Димеска, д.и.а.
**Согласен:**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановск

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Раководител на Сектор**
Гоце Станкоски, д.и.а.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр.13-38 од 28.03.2025 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 12.12.2024 година со Бр.13-38 е издадено Одобрение за надградба на индивидуална куќа, со намена на градба: А1, објект од втора категорија, на КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорот Душко Ангеловски и заверен е Основен проект за надградба на објект за домување во станбена куќа А1 на КП 3988/2, 3988/1, КО Кисела Вода 1, Скопје – PDF и DWG документи, тех.бр. 01-06/2023 од Декември 2023 година, изработен од проектант Стоилко Милојески со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1049 од 23.04.2019 година – Друштво за производство, трговија и услуги СИГМА – АРТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС 6088236, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.352/Б од 20.08.2023 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 91/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24 и 17/25), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 12, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-14 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр.13-3251/2 од 02.04.2025 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2414/1, 2414/3, 2414/4, 2417/7, 2414/2, 2414/5, 2412/5, 2414/6, 2418/1, 2419/1, 2419/14, 2414/10, 2414/8, 2414/9, КО Кисела Вода 1, во Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 21.03.2025 год. со бр.13-3251/1 е доставено барање за изработка на проектна програма за изработка на урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.6.1 и ГП 3.6.2 со намена А1.2 -станбени куќи со споен зид на меѓа, КО Кисела Вода 1, Скопје, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода, со намена А1-домување во станбени куќи, доставен од страна на Друштво за проектирање и услуги План Дизајн Доо Скопје.

3.Ова решение да го изврши Комисија за урбанизам на Општина Кисела Вода врз основа на Решение за формирање на Комисија за урбанизам на Општина Кисела Вода бр.08-7026/1 од 15.08.2023 година.

4.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил
Валентина Вељановска д.и.а
Пом.раководител на сектор:
Аљоша Шопар д.и.а
**Согласен**
М-р Мирко Ивановски

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Раководител на Сектор**
Гоце Станкоски, д.и.а.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Бр.13-3251/3
од 02.04.2025 година
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Комисија за урбанизам на Општина Кисела Вода формирана врз основа на Решение за формирање на Комисија за урбанизам на Општина Кисела Вода бр.08-7026/1 од 15.08.2023 година и согласно на член 84 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/2015 и бр.65/2018), а во врска со отпочната постапка за изработка на урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.6 од дуп измена и дополна на детален урбанистички план Пржино 1, дел од Урбан дел 2 и дел од Урбан дел 3, КО Кисела Вода 1, со намена А1 – домување во станбени куќи, **КО** Кисела Вода 1, Скопје ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2414/1, 2414/3, 2414/4, 2417/7, 2414/2, 2414/5, 2412/5, 2414/6, 2418/1, 2419/1, 2419/14, 2414/10, 2414/8, 2414/9, КО Кисела Вода 1, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 21.03.2025 год. со бр.13-3251/1 е доставено барање за изработка на проектна програма за изработка на урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3.6.1 и ГП 3.6.2 со намена А1.2 -станбени куќи со споен зид на меѓа, КО Кисела Вода 1, Скопје, КО Кисела Вода 1, доставен од страна на Друштво за проектирање и услуги План Дизајн Доо Скопје.

Согласно Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација издаден од Министерство за транспорт и врски со бр.24-6836/1 од 15.10.2021 година, заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од доставено барање 13-9899/1 од 14.11.2023 година за отпочната постапка за изработка на урбанистички проект во барака 3 во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена. Доколку има приговор по приговорот одлучува комисија за урбанизам во истиот рок.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена достава на известување до непосредни соседи на градежната парцела во случаите кога сите сопственици не се баратели на урбанистичкиот проект со план за парцелација за отпочната постапка за изработка на урбанистички проект и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Комисија за урбанизам на Општина Кисела Вода во состав:

Аљоша Шопар
Гоце Станкоски
Голубина Арсовска

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Валентина Велјановска ______________________

Снежана Митовска ______________________

Кирил Димевски ______________________

Елена Дракуловска Гигов ______________________

Мирјана Јорданова ______________________

Александар Велков ______________________

Александар Пупков ______________________

Славче Трпески ______________________

Борче Крстевски ______________________

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Решение за измена на Решение за утврдување на персонален состав на Општинскиот Штаб за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Кисела Вода број 09-10018/7 од 06.12.2021 година ;

2. Програма за измена и дополна на Програмата на Општина Кисела Вода за Месна самоуправа Д10 за 2025 година;

3. Одлука за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Општина Кисела Вода, Скопје;

4. Одлука за разрешување на Училишниот одбор во ООУ „Кузман Шапкарев“ - Општина Кисела Вода, Скопје;

5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода;

6. Одлука за прифаќање на донација – реконструкција на детско игралиште на ул.Ваташа Драчево - Општина Кисела Вода;

7. Одлука за прифаќање на донација - 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода;

8. Јавна објава Бр.13-38 од 28.03.2025 година;

9. Јавна објава Бр.13-3251/2 од 02.04.2025 година;